РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УПП Број: / Numer: 03-13
08.07.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**До: ТРД ТВ Студио ТЕРА Манговски**

**З**

**Предмет: Известување за поднесена Претставка**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38**

**1000 Скопје**

Почитуван,

Ве известуваме дека Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги прими претставка од Општина Битола и градоначалникот Тони Коњановски (наш бр. УПП 03-13 од 01.07.2026 година) за начинот на информирање на ТВ Тера поврзан со информации од Општина Битола и конкретно за содржините објавени на Вашите веб-страница (под наслов „Брифинг зад затворени врати"), објавата и вклучувањето во живо на Фејсбук страницата и на Јутјуб каналот на 4 јуни 2026 година. Содржината на која се однесува Претставката, Агенцијата ја лоцираше и на телевизиската програма во информативната емисија „Актуел".

Во претставката е наведено дека медиумот претставил погрешна слика во јавноста дека Општината и градоначалникот се затворени за јавноста, и покрај тоа што утринскиот настан бил организиран како неформален брифинг за новинари, а изјави и одговори на прашања биле овозможени и снимени подоцна во текот на денот.

По разгледување на Претставката и приложената содржина, Агенцијата го упати подносителот, Претставката да ја достави до Советот за етика во медиумите (СЕММ) и Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ), бидејќи почитувањето на професионалните новинарски стандарди при известувањето е предмет на саморегулација и во надлежност на професионалните здруженија. Исто така, го информиравме дека во вакви околности примарен и соодветен професионален механизам за заштита на ставовите и обезбедување на еднаков третман на различните гледишта во јавноста е упатувањето барање до медиумот за одговор или исправка на објавена информација, која медиумот е должен да ја објави, затоа што правото на одговор или исправка е гарантирано со член 16 од Уставот на државата и операционализирано во Законот за медиуми (членовите од 17 до 28 од Законот).

Почитувајќи ја Вашата независна уредувачка политика, Ве потсетуваме на обврската за овозможување еднаков третман на различните гледишта и мислења, односно на начелото за објективно и непристрасно прикажување на настаните, во

согласност со член 47-а од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и Ве повикуваме да обезбедите доследно почитување на професионалните новинарски стандарди во известувањето на сите Ваши платформи.

Во согласност со стандардната пракса на Агенцијата, Претставката, одговорот и дописот до медиумот се објавуваат на веб-страницата на Агенцијата на https://avmu.mk/pretstavka-reakcija/

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**